РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ОРКЕСТАР ЗА ЏЕЗ МУЗИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
INSTITUTI NACIONAL
ORKESTRA E XHAZ MUZIKËS E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 02-414/1
27.06 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Согласно член 20 став 1 точка 14 од Статутот на Националната Установа Оркестар за џез музика на Република Северна Македонија- Скопје и член 84 од Колективниот договор за култура (*Сл. Весник бр.10 од 16.01.2020 година*), Управниот одбор на 17 –та седница ја донесе следната:

***Одлука***
***за утврдување на право на паричен надомест на вработените во НУ Оркестар за џез музика на РСМ***

Со оваа одлука се утврдува право на паричен надомест на вработените во НУ Оркестар за џез музика на РСМ врз основа на поединечно решение за секој вработен донесено од страна на директорот, а во согласност со расположливите средства од секој поединечен проект кој не е во рамките на програмата за работа на институцијата одобрена и финансирана од страна на Министерството за култура и туризам на Република Северна Македонија.

***Образложение***

Согласно член 20 став 1точка 14 од Статутот на Националната Установа Оркестар за џез музика на Република Северна Македонија- Скопје, како и член 84 од Колективниот договор за култура (*Сл. Весник бр.10 од 16.01.2020 година*), Управниот одбор на седницата одржана на ден 27.06.2025 година донесе Одлука за утврдување на правото на паричен надомест на вработените во НУ Оркестар за џез музика на РСМ, при што за дополнителни работи надвор од Годишната прогрма одобрена и финансирана од страна на Министерството за култура и туризам за работа на институцијата, на учесниците во реализација на проектот им се утврдува право на паричен надомест од средствата обезбедени како сопствени приходи за реализација на самиот проект.

Согласно горенаведеното Управниот Одбор се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

***Претседател на Управниот Одбор***
*Сашко Николовски*

Доставено до:
- Членовите на УО
- Архива
- Сметководство